**З А П И С Н И К**

**од десеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата**

**за електронски комуникации за 2026 година**

Десеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 23.03.2026 година во 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска, д-р Адмирим Алити и Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, Јетон Акику.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за десеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за одржување на хардверска платформа за хибриден облак;
4. Барање на согласност за јавна набавка на стока - канцалариски материјал за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Барање на согласност за јава набавка на услуга за одржување на зелени површини за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Барање на согласност за јавна набавка за одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантска инсталација за деловните простории на Агенцијата за електронски комуникации;
7. Барање на согласност за јавна набавка за Организација на Меѓународна Регулаторна конференција 2026 на Агенција за електронски комуникации;
8. Барање на согласност за јавна набавка за одржување на фотонапонски панели за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
9. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за десеттиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга за одржување на хардверска платформа за хибриден облак.

Во врска со точка 4, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за јавна набавка на стока - канцелариски материјал за потребите на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 5, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за за јава набавка на услуга за одржување на зелени површини за потребите на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 6, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за за јавна набавка за одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантска инсталација за деловните простории на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 7, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за Организација на Меѓународна Регулаторна конференција 2026 на Агенција за електронски комуникации.

Во врска со точка 8, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за јавна набавка за одржување на фотонапонски панели за потребите на Агенцијата за електронски комуникации.

Седницата заврши во 16:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател__________

Анкица Трпковска, заменик претседател__________

Анѓелка Диневска, член__________

Насер Адеми, член__________

Д-р Адмирим Алити, член__________

Наш број 1102-13/2

Скопје 23.03.2026 година